***ПРАВИЛНИК А02 ЗА РИДСКИ ПАТЕКИ ВО АВТОМОБИЛИЗАМ***

# АВТО СПОРТ 2010

**Член 1**

Со овој правилник се утврдуваат минималните потреби за подготовка и опремување на ридските патеки за одржување на натпревари на ридски авто трки.

## ЛИЦЕНЦИ

**Член 2**

Не може да се одржи ридска авто трка во Република Македонија за која АФМ нема издадено лиценца за патеката.

Лиценцата минимално мора да содржи:

- Елаборат за сигурност на патеката (сместување на спортските служби, здравствените, противпожарните и редарските служби )
- Сместување и организација на паркот на пилотите како и затвореното паркиралиште

ЛИЦЕНЦАТА ЈА ИЗДАВА КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ. КОЈА ТРЕБА ДА ЈА СОЧИНУВААТ

- спортскиот директор за ридски натпревари-А02
- Лице за безбедност на АФМ
- представник на организаторот на натпреварот
- претставници на пилоти-двајца (од кој едниот не е од АК/АКК на организаторот а другиот е делегиран од советот на пилоти)

Комисијата за лиценцирање по приемот на барањето за преглед (лиценцирање) на патеката, ќе направи записник со детален опис на работите кои организаторот мора да ги направи како патеката би се спремила за натпревар, придржувајќи се кон обврските кои се однесуваат на сигурноста на пилотите на патеката, натпреварувачите, судиите и гледачите.
Лиценцата важи три години.

## МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

**Член 3**

**1.** ПРВЕНСТВО НА ЕВРОПА – Во целост со правилникот на ФИА

**2.** FIA CHALLENGE, FIA CEZ – Во целост со одредбите на овој правилник,со почитување на посебно наведеното односно препорачано.

**3.** МЕЃУНАРОДНИ ОТВОРЕНИ НАТПРЕВАРИ - Во целост со одредбите на овој правилник.

На уредно запишани и пријавени Меѓународни ридски натпревари, организаторот ја усогласува должината на патеката со прописите и правилата на ФИА. Во колку натпреварот се бодува и за шампионатот на Македонија , пилотите кои се натпреваруваат само за шампионатот на Македонија, мора за редоследот на трката да ја извозат должината на патеката која е по прописите за Меѓународен натпревар.

**Член 4**

Во колку Комисијата за лиценцирање на патеки, при првиот преглед утврди дека било кои од предвидените сигурносни или други елементи на патеката не се во склоп со позитивните прописи на ФИА / АФМ, ќе му остави на организаторот време да ги исполни пропишаните услови.
При обиколката, во случај предвиден со ставот 1 од овој член, ќе се одреди нов преглед на патеката со точно утврден термин.

**Член 5**

По прием на записникот за преглед на патеката, комисијата за лиценцирање издава привремена лиценца за патеката на пропишан образец од АФМ, со назнака дека истата ќе стане конечна лиценца за патеката, по прегледот на патеката на истата комисија, а најдоцна 1 час пред прва седница на жири комисијата.

Со потпис на комисијата за лиценцирање на патеки, привремената лиценца станува конечна, што значи организаторот во целост постапил по Записникот за преглед - лиценца за ридски патеки. Со потписот на комисијата за лиценцирање на патеки, се потврдува дека ридската патека има минимални потребни услови за одржување на натпреварот.

За натпреварувачката 2010 година сите организатори мора да поседуваат нови лиценци. Лиценцата има важност три години.

Секоја година, без оглед на должината на траење на Лиценцата, задолжителен е преглед на патеката опишана во став 1 и 2 од овој член.

Лиценцирањето го плаќа организаторот под ставка Лиценцирање (важечки ценовник на АФМ за тековната година), а се однесува во случај на потреба за лиценцирање на потполно нова патека.

Продолжувањето на веќе постоечка лиценца, која е задолжителна на секои три години се плаќа 50% од износот за лиценцирање на нова патека. Организаторот е должен најмалку 60 дена пред одржувањето на натпреварот, да достави писмена изјава со која потврдува дека постоечката патека нити должински, нити со квалитетот на асфалтот нема да се менува и истата не треба посебно да се прегледува, туку прегледот ќе се врши во склоп на задолжителниот преглед од страна на спортскиот директор за авто натпревари на ридски патеки на АФМ и претседателот на жири комисијата, непосредно пред натпреварот, а врз основа на постоечкиот Записник од претходниот преглед на патеката.

Задолжителниот годишен преглед на патеката пред натпреварот, односно намалување на должината на патеката, не се плаќа со оглед на тоа дека го извршува спортскиот директор за авто натпревари на ридски патеки на АФМ.

**Член 6**

Во колку организаторот на натпреварот има важечка лиценца издадена од ФИА а после лиценцирањето патеката со должина и квалитет на асфалтната подлога не е изменета, за истата не е потребно повторно лиценцирање од страна на АФМ.

Конечната потврда за лиценца ја дава спортскиот директор за авто натпревари на ридски патеки на АФМ, за предметниот натпревар.

## ПАТЕКА

**Член 7**

Секој организатор мора да има лиценца за патеката на која се одржува натпреварот за 2010 година.

Лиценцата за патеката опфаќа елаборат за патека кој се состои од:

1. Обезбедување на публика покрај патека
2. Надзор на патеката
    а. набљудување
    б. сигнализација
    в. интервенција
3. Место за судии
4. Функционирање

Минималната должина на патеката мора да изнесува 6.500 метри, а минималната ширина 5 метри. Доколку патеката е пократка од 6.500 метри,но не помала од 3250 метри, натпреварот се состои од две возења, со тоа што за пласман на тоа натпреварување се зема збирот на постигнатите времиња од двете возења.

Минималната должина на ридска патека за Шампионат на Македонија изнесува 2200 метри во кој случај ќе се возат три возења.

Доколку натпреварот се состои од три возења за конечен пласман се зема збир на времињата од трите возења.

Во случај на виша сила или други причини натпреварувањето се прекине или од објективни причини дел од натпреварувањето не може да се смета за регуларно и да биде бодувано, бодови од тоа натпреварување ќе добијат само оние пилоти од класите кои регуларно ја завршиле трката, а пласман на екипи АК/АКК и спонзори од тоа натпреварување нема да се прогласи.

Доколку натпреварувањето се состои од две возења, но поради виша сила или од други објективни причини едно од возењата се прогласи за нерегуларно во пооделни класи или во сите класи, пласманот на пилотите по класи ќе биде составен врз основа на резултатите само од едното возење (кое регуларно го завршиле сите пилоти од таа класа), а на пилотите од таа класа (или класи) ќе им се доделат по една половина од полниот број бодови, а екипните пласмани на тоа натпреварување ќе се пресметаат со една половина од полниот број на бодови во сите класи.

## ЕЛАБОРАТ ЗА СИГУРНОСТ НА ПАТЕКАТА

**Член 8**

Елаборатот за сигурност на патеката ќе биде изготвен засебно за секоја патека и усвоен и одобрен од страна спортскиот директор за авто натпревари на ридски патеки и елементите содржани во него ќе бидат задолжителни за секој организатор.

Елаборатот за сигурност на патеката се состои минимум од :

- Скица на стазата во минимален размер 1:1000
- Посебна скица на патеката со нацртани места за старт, цел, судиски и редарски места, места за службата за мерење на времето и обработка на податоци, како и радио врски
- Посебна скица од патеката со нацртани места за итна помош, полиција, противпожарни возила и возила за итна интервенција (влечна служба)
- Скица за паркот на пилотите
- Скица на патеката со означени зони за гледачи, а се во склоп со надлежните од СВР.
- Посебна скица на затворениот паркинг со опис на процедурата за влез и излез од него.
- потребни претходни согласности или мислења на надлежните органи за можностите на издавање на дозволи, уверенија (Министерство за транспорт и врски, СВР, Агенција за државни патишта и слично)
- Описен дел

## ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА НА РАКОВОДСТВОТО НА НАТПРЕВАРОТ

**Член 9**

Потребно е да се направи листа на извршни судии со наведени броеви на лиценците за секој натпревар за кој е именуван, а потоа и потребната стручност (ранг и број на лиценца за сите извршни судии наведени во листата).
Листата од член 8 задолжително е да се направи во соработка со судиската комисија на АФМ.

## КРАТОК ОПИС НА ОСИГУРУВАЊЕТО СО МЕСТА И НАЧИН НА РАБОТА

**Член 10**

Во елаборатот потребно е да се наведе:

- Вкупен број на судиски места, име, презиме и број на лиценца на секој судија, помошник или редар засебно, нивната опрема (комплет знамиња, зелено ,жолто, жолто-црвено, бело и црвено, метла и средство за одмастување на асфалт, како и ПП апарат од мин. 6 кгр.) како и работата на судиската екипа (минимална одалеченост 400 м. од судиско до судиско место, односно оптичка видливост на сите меѓународни натпревари).
- Во колку на критичните места постојат појаки судиски екипи од минимум пропишаното - 2 члена (главен и помошен судија), задолжително е да се назначат на скицата и детално се опишат.
- Број на редари, начин на нивната работа и нивна препознатливост (ознаки, минимум 1 редар за секое судиско место, како и задолжително доволно осигурување пред стартот, стартот, целта и затворениот паркинг како и пристапните патишта).
- Број на полицајци, број на полициски возила и начин на работата на патролните возила при затворањето, односно отворањето на патеката, како и при евентуален удес на патеката (минимално спрема посебните услови на полициската станица во местото на одржување на натпреварот).
- Број на пожарникари, број на нивни возила за итна интервенција и нивнот начин на дејствување, како и број на ПП апарати по должината на патеката (минимум 2 ПП возила или 4 возила со ПП 50) како и апарати од 6 кгр. на секое судиско место - обука на судиите за ракување со ПП апарати).
- Број на здравствени работници, име и презиме, нивна специјалност, факсимил, број на возила за итна помош, начин на дејствување во случај на потреба како и замена на поедино возило, ако едно од постоечките мора да го напушти местото на одржување на натпреварот (минимум 2 возила за итна помош со екипи обучени и опремени за давање на прва помош во случај на несреќа).
- Број на возила на шлеп служба и нивно дејствување (минимум 2 возила од шлеп служба со помошници - најмалку еден).

Посебно треба да се води сметка за местоположбата на сите судии и останатите службени лица на и покрај патеката, да се настојува местоположбата да се организира така да сите тие бидат максимално природно заштитени од евентуални излетувања на натпреварувачките возила.

Сите службени лица треба да бидат така поставени да обезбедуваат најголема можна сигурност, а да со својата положба обезбедат квалитетен преглед на патеката и случувањата на истата, како и да им се видливи на пилотите заради можна сигнализација.

## РАДИО ВРСКИ

**Член 11**

Обврска на организаторот е да постави минимум еднострана радио врска со која во секој момент може да се контролираат сите настани по должината на целата патека.

Најважно е да директорот на натпреварот и сите членови на жирито имаат правовремени информации за настаните на патеката.

Бројот на радио станици и краток опис на начинот на работење, иматели на радио станици (начин на нивно јавување). Задолжително да се опише работата на помошникот директор за радио врски.

## ПАРК ЗА ПИЛОТИ

**Член 12**

Паркот за пилоти мора да биде организиран на доволно голем простор, за кој конечен суд дава комисијата за лиценцирање на патеката (одредува минимална потребна површина на лице место при прегледот на патеката).

Паркот за пилоти се препорачува да биде опремен со вода за пиење, минимум 2 санитарни чвора (машко и женско WC), можности за електрични приклучоци, канти за отпадоци (сето наведено можно е да се организира и во попратните објекти со задолжителни ознаки).

Се препорачува со Посебниот правилник да се назначи и одговорно лице на паркот за пилоти како и лице за односи со пилотите, а воедно на огласната табла во паркот за пилоти да се истакнат фотографии на двете наведени лица.

Во паркот за пилоти потребно е да се намали влезот на гледачи на минимум (да се користи акредитацијата како како единствен документ за влез, а контролата ќе ја спроведе редарската служба).

Во елаборатот за сигурност, препорачливо е да се направи план за евакуација на паркот за пилоти во случај на потреба (пожар, елементарна непогода и слично).

На организаторот му се препорачува да организира угостителска понуда (едноставни јадења и ладни пијалоци) за пилотите и механичарите во паркот за пилоти односно највеќе 500 метри од паркот за пилоти .

## ЗАТВОРЕН ПАРКИНГ

**ЧЛЕН 13**

Обврска на организаторот е да обезбеди-организира чуван простор во кој натпреварувачките возила ќе влезат по потреба (по правило по завршувањето на возење), а се со цел преглед на истите од страна на Техничката комисија, односно чување на возилата се до нивно распуштање од страна на директорот на натпреварот, а со налог на жирито.

Затворениот паркинг се организира задолжително на целта по завршувањето на последното возење на трката. Од затворениот паркинг возилата можат со придружба на организаторот да бидат префрлени и на некое друго место, а можат и понатаму да останат во истиот простор во колку постојат услови за извршување на завршен технички преглед. Просторот да е обезбеден со угостителски објект и санитарен чвор, а од причина за подолго задржување на пилотите во опишаниот простор, практично до распуштање на затворениот паркинг од страна на жирито.

Опишаниот простор задолжително мора мора да биде ограден (метални огради, заштитна лента за сигнализација или сл.) и чуван од страна на редарската служба.

Минималната површина на затворениот паркинг го одредува Комисијата за лиценцирање на патеки , водејќи сметка за рангот на натпреварот и очекуваниот број на возила - пилоти.

Препорачливо е со посебниот правилник да се именува одговорно лице за затворениот паркинг, како и со посебен член тоа да се опише се што е врзано за влез и излез од затворениот паркинг, водејќи сметка за специфичностите на поедини патеки.

За сето горе наведено потребно е да се даде дополнително објаснување на задолжителниот состанок со пилотите пред почетокот на тренингот, а за ова да се достави детален извештај до директорот на натпреварот.

## ДОЗВОЛИ И СОГЛАСНОСТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРОТ

**Член 14**

Организаторот е должен да ги собере сите потребни согласности, дозволи и одобрувања, да ги осигура сите учесници на натпреварот според важечките законски прописи и правилата на АФМ и ФИА.

Секретарот на натпреварот е одговорен за спроведување на истото.

## ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

**Член 15**

Во текот на натпреварот да се обезбедат две службени табли - најмалку по една во паркот на пилоти и една на целта, а се препорачува и една пред затворениот паркинг.

На огласната табла, се истакнуваат важни информации за текот на натпреварот и тоа веднаш по донесувањето на истите.

За горе наведеното одговорен е секретарот на натпреварот .

## ГЛЕДАЧИ

**Член 16**

Сместувањето на гледачите задолжително мора да биде пропишано по елаборатот за сигурност на патеката, односно означено на скицата.

Овој план за сместување потребно е да се направи во соработка со надлежните во СВР, како и со обезбедувањето-редарската служба која го осигурува натпреварот.

Гледачите со своето присаство не смеат да сметаат при одржувањето на натпреварот, за што е задолжена редарската служба.

Зоните за гледачите мора да бидат заштитени и сигурни, а истото се прави со заштитни огради.

Гледачите не смеат ни на еден дел од патеката да се наоѓаат на нивото од патеката по која се вози, или под неа (освен ако помеѓу нив и патеката има двострука метална или бетонска ограда), туку мора да бидат сместени на повисоки места (природни или вештачки направени) покрај патеката.

Гледачите не смеат да бидат ниту во зоната на излетување при влез и излез од одредени свиоци (задолжително да се обележат при прегледот на патеката).

Доколку за горе опишаното сигурно сместување на гледачите не постојат природни услови, препорачливо е да се направат неколку издигнати места за сместување на гледачите.

Пожелно е организаторот на гледачите да им обезбеди угостителски услуги (на минимум 2000 гледачи по еден угостителски штанд) како и санитарен чвор (на 4000 гледачи по едно машко-женско WC ).

Сите организатори се обврзани да околу стартната линија го истакнат знамето (државно и на АФМ ) задолжителни спонзорски рекламни пораки на АФМ, како и место за разглас преку кој ќе се изврши отворање на натпреварот (задолжително е интонирањето на државната химна). Во текот на одржување на натпреварот, организаторот со помош на разгласот ќе ги информира гледачите за случувањата на натпреварот.

Организаторите на меѓународни натпревари, се должни да обезбедат свечена трибина на стартот на натпреварот.

## СМЕСТУВАЊЕ НА СЛУЖБИТЕ

**Член 17**

**1. Просторот за технички** прием и преглед мора да биде покриен, ограден и чуван. Во овој простор може да се движат само службено овластени лица и акредитирани за работа во опишаниот простор.

**2. Просторот за новинари** организаторот го обезбедува во близина на просторот на кој се одржува натпреварот. Се препорачува просторот да биде опремен со минимум една телефонска линија и факс апарат, а се препорачува и компјутер со модемска врска. За работата и организацијата на просторот за новинари се препорачува да биде задолжено лице кое го познава начинот на работа и потребите на новинарите. Ова лице се задолжува за доставување на сите потребни информации кои можат да им користат на новинарите, првенствено резултатите.

Во случај на некоја инцидентна ситуација, ова лице во соработка со раководството на натпреварот прави соопштение за новинарите и одговорно е за дистрибуирање на истото. На сите новинари и сниматели им се доделува акредитација PRESS .

**3. Просторот за мерење и обработка на податоци** мора да биде сместен така да хроно екипата несметано може да ја врши својата работа. Влезот во овој простор е строго чуван и организаторот за тоа мора да води посебно сметка. Сместувањето на екипата за мерење врзано е со видливоста на стартната и целната линија како и со личната сигурност на хроно екипата и опремата.

**4. Приемната канцеларија** организаторот ја организира на такво место, кое при доаѓањето на натпреварот е највоочливо, така да сите заинтересирани несметано можат да се акредитираат.

**5. Просторот за верификација и медицинско лице** ќе се организира во затворен простор со одвоен дел за медицинско лице. Со оглед на тоа дека во овој простор доаѓаат сите пилоти, истиот е потребно да се организира адекватно за проаѓање на поголем број на корисници, а посебно внимание треба да се обрне за избегнување можни гужви.

**6. Просторот за секретарот и жирито** мора да биде во непосредна близина на раководството на натпреварот, по можност во затворен простор заштитен од влијание на временските услови.

Просторот мора да биди чуван од лица кои не се овластени за влез во истиот. Маси, столици, компјутер со печатар и фотокопир машина се препорачлива опрема на секретарот.

**7. Просторот за состанок со пилотите** може да биди на отворено со препорака да
истиот се одржи во поголема затворена просторија. По можност просторот да се опреми со озвучување.

**8. Просторот за директорот на натпреварот** треба да биди во непосредна близина на стартот со можност директорот во мир и без претерана бука да врши координација со сите судии на натпреварувачката патека по пат на радио врска (препорака: комби возило или сл.)

## ОЗНАЧУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**Член 18**

Секој од битните простори за одржување на натпреварот мора да биде обележан со натписи. Се препорачува натписите да бидат напишани на македонски и англиски јазик и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| ПРИЕМ | - | ADMITANCE, ENTRIES |
| ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД | - | SCRUTENEERING |
| ВЕРИФИКАЦИЈА | - | SPORTING CHECKS |
| НОВИНАРИ | - | PRESS |
| ЛЕКАР | - | DOCTOR |
| ОГЛАСНА ТАБЛА | - | OFFICIAL NOTICE BOARD |
| ЖИРИ | - | STEWARDS OF THE MEETING |
| ПАРК ФЕРМЕ | - | PARC FERME |
| ИНФОРМАЦИИ | - | INFORMATION |

## ЗАБАВУВАЊА НА ПАТЕКАТА - “ ШИКАНИ “

**Член 19**

Ако комисијата за лиценцирање на патеки утврди дека предложениот патен правец за одржување на ридски натпревар е со таква конфигурација да просечната брзина, како и најголемата брзина на поедини прави делови ја загрозуваат безбедноста на натпреварот, на патеката ќе се изведат места за забавување - “Шикани”. Истите може да ги предложи Комисијата за лиценцирање и да се направат во неколку видови, а кој вид ќе се користи на поедина патека, првенствено е проценка на Комисијата за лиценцирање пред натпреварот и жирито на тој натпревар.

Поминувањето низ шиканата може да се намали на 3,3 метри ширина.

Шиканите се изведуваат со авто гуми.

Забавувањата мора да се изведат:

-Приближувањето до забавувањето мора да биде означено со жолта табла и тоа најмалку 150 метри пред доаѓање до самата “Шикана”.

-Забавувањето мора да биде обоено во две бои за да визуелно се предупреди пилотот за наидување на препрека, а подоцна да му помогне на пилотот за проаѓање низ целото забавување.

-Во близина мора да постои резервен комплет на авто гуми, во случај “Шиканата” да е изведена со нив.

-Во близина мора да постои шлеп возило.

-На забавувањето мора да има доволен број на судии за евентуална потребна интервенција (брза поправка на растурената “Шикана” и сл. интервенции).

-Шиканата може да биде направена од две или три хоризонтални препреки, а мора да бидат изведени према мерките на следнната скица:

**-** Поред забавувањата, исто така и сите остри свиоци треба да бидат обележени со табли за предупредување 150, 100 и 50 метри.

- ***<u>ШИРИНАТА НА ПАТЕКАТА МОЖЕ ДА СЕ НАМАЛИ НА МИНИМУМ 3,3 МЕТРИ.</u>***

- ***<u>РАСПОНОТ ПОМЕЃУ ВРАТИТЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ОД 13 - 15 МЕТРИ.</u>***




**Член 20**

**ПОСЕБНОСТИ**

Сето наведено во претходниот член, е задолжително за организаторите на меѓународни натпревари и за организаторите на натпреварите кои се бодуваат за шампионатот на Македонија.

Посебно при прегледот на патеките на кои се одржува само шампионатот на Македонија или некое друго натпреварување од понизок ранг (регионално или слично), комисијата за лиценцирање, може со оглед на затекнатите околности на патеката и други оправдани околности, да ги намали критериумите пропишани со овој правилник. Намалувањето на критериумите не можат да се однесуваат на сигурноста на натпреварувачите и гледачите.

## ЕКОЛОГИЈА

**Член 21**

На организаторот му се наложува да ги вложи сите напори како би го заштитил подрачјето на кое ќе се одржи натпреварот од нечистотии.

Посебна грижа треба да се обрне на нечистотијата од моторни масла, маслото за кочници и останати нафтени деривати. За таа цел потребно е да се припремат садови, истите адекватно обележат и да се организира нивно користење на еколошки прифатлив начин.

Во припремата и реализацијата на натпреварот, каде е можно, да се настојува да се користат биолошки разградиви материјали за еднократна употреба или материјали погодни за рециклирање.

Пригодни соопштенија да се упатат кон учесниците и гледачите за потребата од чување на околината, а се со цел да се допринесе кон подигање на еколошката свест.

Пилотите во паркингот задолжително да користат пригодни подметнувачи под своите натпреварувачки возила со минимална димензија 3 х 4 метри, а квалитетот на подметнувачите треба да биде таков да не пропушта мазива и гориво.

## ЗАБЕЛЕШКА

**Член 22**

Делегатот на АФМ на натпреварот или ако тој не е присатен, жирито на натпреварот, задолжително неколку часа пред одржувањето на првата тренинг сесија уште еднаш да ја провери состојбата на патеката дали е во склоп со Записникот за преглед на патеката која го направила комисијата (Член 2 од овој Правилник), како и тоа дали е во склоп со минималните прописи утврдени со овој Правилник.

Доколку се утврди дека постојат недостатоци кои се однесуваат на сигурноста на пилотите, гледачите и спортските судии, задолжително да се предупреди организаторот за вооченото и да му се наложи истите недостатоци да се отстранат најдоцна до времето за почеток на тренингот. Кај проценката за припременост на патеката, можат да се користат сугестии на лицата задолжени за контакт со пилотите на тој натпревар, а кои имале свои евентуални забелешки на припременоста на патеката.

Конечна оценка за усогласеноста на припремите за натпреварот со лиценцата на патеката и сигурносниот план на натпреварот што во суштина претставува одобрение за одржување на натпреварот го дава Делегатот на АФМ на натпреварот односно во негово отсаство жирито на натпреварот и тоа одобрение станува согласен дел од потребната документација за одржување на натпреварот.

Во колку Делегатот на АФМ или жирито не одобри одржување на натпреварот, истото ќе се откаже, а организаторот ќе ги подмири сите настанати трошоци на натпреварувачите, пилотите, спортските функционери како и на сите кои со своето доаѓање на натпреварот се финансиски оштетени со неодржување на натпреварот заради неусклaденост на патеката со записникот за лиценца на патеката или заради неспремност на натпреварот во склоп со сигурносниот план.

Опишаната оштета можат да ја бараат само натпреварувачите, пилотите и спортските функционери кои дошле на предметниот натпревар. Како доказ за присаство ќе се зема во предвид само листата која во опишаниот случај ќе ја направи делегатот на АФМ на предметниот натпревар.

За активирање на уплатената гаранција на АК/АКК организатор , која се наоѓа во АФМ, од кои средства се наплатуваат претходно опишаните побарувања, се овластува Секретарот на АФМ.

Право на толкување на овој Правилник на натпреварите е во исклучива надлежност на жирито на натпреварот.

Правилникот го предлага Спортскиот директор за авто трки на ридски патеки, а неговото усвојување како и усвојување на измени и дополненија на истиот како и конечното толкување е во надлежност на Одборот за авто спорт на АФМ

**Член 23**

Сите организатори се должни да се придржуваат кон овој Правилник, т.е. мораат своите постоечки елаборати на патеката да ги прилагодат на овој Правилник и да ги испратат до Спортскиот директор за авто натпревари на ридски патеки на АФМ на увид 30 дена пред натпреварот, без оглед на важноста на лиценцата,за нови патеки елборатот и сигурносниот план на увид се доставуваат до спортскиот директор 60 дена пред одржување на натпреварот.

Правилникот го предлага организаторот на тој натпревар, а неговото донесување, како и донесување на измени и дополнувања на истиот и конечно толкување е во исклучива надлежност на Спортскиот директор за авто натпревари на ридски патеки на АФМ и кој го верификува правилникот за одобрен

Овој правилник стапува на сила на датумот на објавувањето.

Скопје, 22.12.2009

| | |
|---|---|
| **Спортски директор за ридски натпревари** | **Обор за Авто Спорт на АФМ Претседател** |
| ______________________ | ______________________ |
| **Павле Доневски** | **Ранко Станојковски** |